# ИЗВЕШТАЈ ЗА РОДОВО ОДГОВОРНО БУЏЕТИРАЊЕ

## 1. Податоци за избраната програма

**Име на програмата:**

Човекови права

**Под програма: Ефикасен, ефективен и одржлив систем на бесплатна правна помош,** Програмата е предвидена во Стратешкиот план на Министерството за правда за 2023-2025 година.

Сектор (организациона единица) надлежен за спроведување на програмата:

Одделението за бесплатна правна помош во Секторот за бесплатна правна помош и политички систем при Министерство за правда на Република Северна Македонија.

**Вид на програмата:**

☒ Хоризонтална

☐ Вертикална

**Како програмата е поврзана со Стратегијата за родова еднаквост 2022-2027:**

Со цел спроведување на обврските кои произлегуваат од Методологијата за родово одговорно буџетирање и Стратегијата за родово одговорно буџетирање, која Владата на Република Македонија ја донесе во 2012 година, Министерството за правда одлучи да планира и спроведе родово одговорно буџетирање за програмата за бесплатна правна помош што е во делокруг на Одделението за бесплатна правна помош во Секторот за бесплатна правна помош и политички систем при Министерство за правда на Република Северна Македонија.

## 2. Вовед

Предметната програма има за цел остварување и унапредување на пристапот на сите граѓани до правдата и гарантирање на уставното право на еднаквост на граѓаните Со Законот за бесплатна правна помош ("Службен весник на Република Северна Македонија" број 101/19 и 194/24), во опсегот на примарната правна помош, меѓу другите, се опфатени жртвите на родово базирано и семејно насилство како и помош при постапка за упис во матична книга на родени, стекнување на документи за лична идентификација и државјанство, постапка за социјална заштита и заштита на правата на децата, пензиско, инвалидско и здравствено осигурување и друго.

## 3. Позадина/контекст

Во член 8 став 1 на Уставот на Република Северна Македонија, помеѓу другото, како една од темелните вредности на уставниот поредок на Република Северна Македонија се прокламирани основните слободи и права на човекот и граѓанинот признати со меѓународното право и утврдени со Уставот.

Преку родово одговорното буџетирање се утврдија родово специфичните потреби и барања на лицата за добивање бесплатна правна помош согласно Законот за бесплатна правна помош и тоа колку мажи и жени побарале и оствариле бесплатна правна помош.

## 4.Остварени резултати, промени и влијанија (се следат почетните состојби и индикаторите кои укажуваат на промени)

Во тек на 2024година:

- од 2670 баратели за примарна правна помош, мажи биле 1466 и жени 1204;
- 230 биле подносители на барање за секундарна правна помош, од кои 158 се мажи и жени 72;
- примарна правна помош добиле 1466 мажи и 1204 жени а секундарна правна помош е одобрена за 174 лица и одбиена за 56 лица.

## 5. Анализа на буџетски алокации (планирани и потрошени средства, по корисник, дополнителни средства, специфични трошоци за жени).

Во анализата на буџетските алокации можете да се водите од:
Анализа на потрошените средства во однос на поставените индикаторите за таа програма;
Процентуалната распределба на трошоците на мажите и жените;
Анализа на ефектите и влијанието во остварување на индикаторите на програми специфично наменети за

Од вкупно предвидениот буџет на Министерството за правда наменет за исплата на награда на адвокати за укажана правна помош во судски постапки и исплата на награда на здруженија за укажана претходна правна помош, кој за 2024 година беше предвиден во износ од 3.000.000,00 денари, за остварување на целите на програмата и промовирање на родовата сензитивност.

Од предвидените средства во буџетската 2024 година исплатени се средства во вкупен износ од 3.370.484,00 денари.

Од предвидените 1.500.000,00 денари за исплата на правните клиники и здруженија - како даватели на примарна правна помош, во 2024 година се исплатени средства во висина од 22.000 денари.

## 6. Тесни грла и научени лекции (Како можеме да ја подобриме во иднина политиката/програмата за да обезбеди подобри резултати согласно дефинираните индикатори )

Преку континуирано следење на состојбата во областа, изготвување на Годишен извештај за примена на Законот за бесплатна правна помош со родово разделени податоци и во таа насока евентуално подобрување и унапредување на законската рамка како би се поттикнала родовата свесност и истата би се подигнала на повисоко ниво.

## 7. Заклучоци и препораки

Оваа програма даде можност за согледување на следното:

- Утврдување на вкупниот број на баратели на примарна правна помош, колку од нив се мажи а колку жени,
- Утврдување на вкупен бројот на подносители на барање за секундарна правна помош, колку од нив се мажи и жени;